.

**.МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА*

**ИЗБОРНА**

III година

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***Медицинска сестра***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: *ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА*

### 1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: М***ЕДИЦИНСКА СЕСТРА***
1.2.2. Струка: З***дравствена***

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 72

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. *ИЗБОРЕН*

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По завршувањето на наставата по предметот ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА, ученикот стекнува знаења, умеења и вештин и се оспособува:

- да разликува симптоми и компликации при одредени болести;
- рутински да спроведува административен и санитарен прием на болниот;
- да го тријажира болниот соодветно на заболувањето;
- да ја спроведува самостојно и рутински специјалната нега на болните од внатрешни болести;
- да го приготвува болниот од психолошки и физички аспект за интервенција и премедикација;
- да го идентификува и подготвува потребниот материјал;
- да го поставува болниот во одредена положба;
- да подготвува и испраќа биолошкиот материјал за анализа;
- да ординира припишана терапија по утврден редослед;
- да учествува во спроведување и едукација на пациенти за хигиено -диететскиот режим;
- да ги применува нормите на етичкото однесување со пациентите и нивните блиски, соработниците и претпоставените;
- да изготви план, реализира активности и презентира резултати од своја работа;
- да ги примени стекнатите знаења и умеења во функција на полагање на завршниот испит.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети : патологија, основи нега; анатомија, физиологија, биологија и практична настава.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. БОЛЕСТИ НА РЕСПИРАТОРЕН СИСТЕМ** | **14** | *Ученикот*:<br>- да ги разликува симптомите на различни респираторни заболувања;<br><br>- да спроведува самостојно административен и санитарен прием и соодветна нега на болниот;<br><br>- да го тријажира болниот соодветно на заболувањето;<br><br>- да аплицира ординирана терапија;<br><br>- да ги познава индикациите, целите и текот на изведувањето на | ***Проверување*** на знаењата и умеењата за администра-тивен и санитарен прием на болен.<br><br>***Разгледување*** на примероци од лекови за болести на респираторниот систем од различни фирми.<br><br>***Задача:***<br>Улогата на медицинската сестра во прием и нега на болен со конкретна болест | Практична настава<br><br>Интерна и педијатрија со нега - задолжителна програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дијагностичките методи (плеврална пункција и проба по Rivalta, бронхографија и бронхоскопија);<br><br>- да помага во подготовка на болниот за дијагностичките интервенции (психичка подготовка и премедикација);<br>- да го подготвува потребниот материјал за;<br><br>- да го поставува болниот во соодветна дренажна положба за интервенција;<br><br>- да асистира при интервенција;<br><br>- да го спроведува земениот биолошки материјал за испитување;<br><br>- да го распремува материјалот по интервенцијата;<br><br>- да спроведува нега и хигиено-диететски режим по интервенцијата.<br><br>- да помага во едукација на пациентот за природата на заболувањето и хигиено - диететскиот режим и вежби | на реаспираторен систем .<br>***Активности:***<br>- Распределување на задачи (пациент со конкретна болест на респираторен систем) по ученици:<br><br>***Индивидуална работа*** на ученикот:<br>- *изработка на сопствен план за работа;*<br>- *реализација :* административен и санитарен прием на болен;<br>- аплицирање на терапија;<br>- подготовки на болен за дијагностички интервенции;<br>- подготовки на материјали;<br>- распремување на материјалот по интервенцијата.<br>- *Пишување на извештај од работата.* | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на дишење во зависност од заболувањето. | - *Презентација* на согледувањата.<br>***Следење*** на работата и односот на учениците<br>***Организирање*** на дискусија: пропусти и неправилности во работата. | |
| **2. БОЛЕСТИ НА КАРДИОВАСКУ-ЛАРЕН СИСТЕМ** | **10** | - Да спроведува административен и санитарен прием на болниот;<br><br>- да го триажира болниот соодветно на заболувањето;<br><br>- да препознава симптоми на миокарден инфаркт;<br><br>- да спроведува соодветна нега и превентивни мерки за заштита од компликации при миокарден инфаркт и срцева декомпензација:<br><br>- да дистрибуира биолошки матерјал за лабораториски анализи според определени прописи;<br><br>- да препознава појава на тромбофлебитис и декубитус и применува соодветна нега; | -***Проверување*** на претходно стекнатите знаења и умеења за административен и санитарен прием на болен.<br><br>-***Набљудување*** и упатување на ученикот при: земање на излачевини и нивна контрола, апликација на терапија по одреден редослед.<br><br>***Мерење*** на крвен притисок на определени временски интервали;<br>- регистрирање на податоците во табели;<br>- дискусија по табелите.<br><br>***Проверување*** на оспособеноста на учениците за апликација на диуретици | Практична настава<br><br>Интерна и педијатрија со нега - задолжителна програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да мери крвен притисок;<br><br>- да следи диуреза и дефекација;<br><br>- да аплицира ординирана терапија<br>- да помага во едукацијаима на болен во однос исхрана и стил на живеење. | и лаксантни средства.<br>***Организирање*** на дискусија на тема: превентивни мерки и хигиено-диететски режим како заштита од компликации. | |
| **3. БОЛЕСТИ НА ОРГАНИТЕ ЗА ИСХРАНА** | **12** | - Да спроведува административен и санитарен прием на болниот;<br><br>- да го трјажира болниот соодветно на заболувањето;<br><br>- да ги разликува симптомите на различни заболувања на органите за исхрана;<br><br>- да набројува основни симптоми на компликации ( мелена, хематемезис, перфорација);<br><br>- да го подготвува потребниот материјал за интервенција: (инструментите, дезинфекционите средства, реагенси и стерилен завоен материјал);<br><br>- да го поставува болниот во соодветна положба за интервенција; | ***Задача:***<br>Улогата на медицинската сестра во прием и нега на болен со конкретна болест на дигестивниот систем**.**<br>***Активности:***<br>- Распределување на задачи (пациент со конкретна болест на дигестивниот систем) по ученици:<br>***Индивидуална работа*** на ученикот:<br>- *изработка на сопствен план за работа;*<br>- *реализација :* административен и санитарен прием на болниот;<br>- аплицирање на терапија; | Практична настава<br><br>Интерна и педијатрија со нега - задолжителна програма<br><br>Микробиологија и инфектологија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да асистира при интервенција;<br><br>- да применува контрасни средства при рентген снимања;<br><br>- да познава постапка за аплицирање на лаксантни средства и прочистителна клизма;<br><br>- да го познава текот на изведувањето на дијагностичките методи: гастроскопија, ректоскопија, колоноскопија и биопсија на црн дроб;<br><br>- да го спроведува земениот биолошки материјал за испитување;<br><br>- да стекнува навики за распремување на материјалот по интервенцијата;<br><br>- да помага во упатување на пациентот во хигиено – диететскиот режим. | - подготовки на болен за дијагностички интервенции;<br>- подготовки на материјали;<br>- асистирање при терапевтски интервенции;<br>- распремување на материјалот по интервенцијата.<br>- *Пишување* на извештај.<br>- *Презентација* на согледувањата.<br>***Следење*** на работата и односот на учениците.<br><br>***Организирање*** на дискусија: диетата како превентива и терапија при определени болести на дигестивниот систем. | |
| **4. БОЛЕСТИ НА УРИНАРЕН СИСТЕМ** | **10** | - Да спроведува административен и санитарен прием на болниот;<br>- да го трјажира болниот соодветно на заболувањето; | - ***Проверување*** на стекнати знаења и умеења во однос на: симптоми на болеста; административен прием; | Основи на нега.<br><br>Практична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да набројува симптоми на одделни органски системи како резултат на уремија; симптоми на уремична кома;<br>- да познава постапка на прва помош при анурија;<br>- да спроведува соодветна нега на пациентот зависно од болеста;<br>- да аплицира ординирана терапија<br>- да ги познава индикациите, целите и текот на дијагностичките методи: одредување диуреза, креатинин, клиренс тест и пиелографија;<br>- да мери и контролира телесна тежина;<br>- да го подготвува потребниот материјал и болниот за дијагностичките интервенции;<br>- да го поставува болниот во соодветна положба за интервенцијата;<br>- да ја познава улога на медицинска сестра при определена интервенција;<br>- да го распремува матерјалот по интервенцијата;<br>- да го спроведува земениот биолошки матерјал за испитување;<br>- да помага во упатување на пациентите во хигиено-диететскиот режим при хронична бубрежна инсуфициенција. | однос медицинска сестра пациент; подготовка на пациентот, работното место и материјалите за аплицирање на определена метода или третман.<br><br>***Дискусија*** за потребни инструменти и матерјали, подготовка и премедикација на пациентот.<br><br>***Набљудување и контрола*** на работа на учениците при примената на одредени дијагностички методи. | настава II и III година<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. БОЛЕСТИ НА ЕНДОКРИН СИСТЕМ** | **10** | - Да спроведува административен и санитарен прием на болниот;<br><br>- да го тријажира болниот соодветно на заболувањето;<br><br>- да ги разликува симптомите на различни заболувања на ендокриниот систем;<br><br>- да го сфаќа значењето на хигиено-диететскиот режим во функција на лекувањето на шеќерната болест;<br><br>- да одредува гликемија;<br><br>- да подготвува и аплицира ординиран инсулин;<br><br>- да спроведува соодветна нега на болен и превзема постапки за спречување на компликациите;<br><br>- да спроведува соодветна нега и исхрана на коматозен болен. | - ***Проверување, коригирање и вреднување*** на работата и односот на ученикот во сите фази (прием, нега на болен, подготовка за медицински третман и апликација).<br><br>- ***Апликација*** на терапија по одреден редослед.<br><br>- ***Дискусија*** за третманот на болен со компликации од шеќерна болест и заштита од компликации.<br><br>-***Контролирање*** на примената на превентивни мерки за спречување на компликации кај шеќерната болест.<br>***Организирање*** дискусија за значењето на спроведувањето на хигиено диететскиот режим кај шеќерната болест. | Практична настава<br><br>Интерна и педијатрија со нега<br><br>Хирургија со гинекологија и акушерство со нега |
| **6. БОЛЕСТИ НА ХЕМАТОПОЕЗЕН СИСТЕМ** | **16** | - Да спроведува административен и санитарен прием на болниот;<br>- да го трјажира болниот соодветно на | - ***Проверување, коригирање и вреднување*** на работата и односот на ученикот во сите | .<br><br>Практична |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | заболувањето;<br>- да спроведува соодветна нега на пациентот;<br>- да аплицира ординирана терапија;<br>- да ги познава индикациите, целите и текот на изведувањето на стернална пункција;<br>- да го приготвува болниот за дијагностичките интервенции;<br><br>- да го подготвува потребниот материјал за интервенција; (инструменти, дезинфекциони средства, реагенси и стерилен завоен материјал);<br><br>- го поставува болниот во соодветна положба за интервенцијата;<br><br>- асистира при интервенција;<br><br>- го спроведува земениот биолошки материјал за испитување;<br><br>- да го распремува материјалот после интервенцијата;<br><br>- да спроведува нега и хигиено-диететски режим кај болен. | фази (прием, нега на болен, подготовка за медицински третман и апликација).<br><br>***Спроведување*** на стернална пункција:<br>- поставување на пациентот во соодветна положба ;<br>- асистирање;<br>- спроведува земен биолошки матерјал;<br>- распремување на матерјалот по завршената дијагностичка постапка.<br><br>***Изработка на самостојна задача***<br>- *Дискусија* за целта и начинот на реализација на поставената задача.<br>- *Поделба* на задачи по ученици.<br>- *Самостојна работа*:<br>- *изработка на сопствен план за работа;* | настава<br><br>Интерна и педијатрија со нега |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - *реализација :* административен и санитарен прием на болен;<br>- нега на болниот;<br>- аплицирање на терапија;<br>-<br>- подготовки на болен за дијагностички интервенции;<br>- подготовки на материјали;<br>- распремување на материјалот по интервенцијата.<br>- *Пишување на извештај.*<br>- *Презентација* на согледувањата.<br><br>***Организирање*** на дискусија: како да го подобриме квалитетот на нашата работа и односот кон пациентите? | |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно зацртаните цели и дидактички насоки во наставната програма, за реализацијата на наставата по предметот ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА се користат методите на активно учење и поучување и учење преку работа.

Активности на ученикот: набљудува, подготвува материал и пациент, аплицира пропишана терапија по налог на лекар, администрира и евидентира под надзор, изградува и развива позитивни ставови во контактите со пациентите, нивните блиски и соработниците.

Активности на наставникот: планира, организира, подготвува, објаснува, демонстрира, покажува, контролира, инструира, коригира, поттикнува, мотивира, вреднува, воспоставува позитивна педагошка комуникација.

**4.3. Организација и реализација на наставата по предметот**

Предметот интерна и педијатрија со нега е застапен во наставниот план со неделен фонд од 2 часа ии ма третман на изборен предмет во функција на завршен испит. Наставата се реализира како стручно – теоретска и како практична настава. Часовите за практични активности не се издвоени како посебни часови во распоредот и нивната распределба и организација ја прави наставникот соодветно на условите, потребите на учениците и барањата на наставната програма.

**4.4. Наставни средства и помагала**

Ефикасноста на содржините од овој наставен предмет е условена со користење на : фантом модели, болнички кревет, постелнина, болничка облека како и разновиден медицински материјал,инструменти и апарати соодветни на остварувањето

на зацртаните цели на Програмата. По можност, активностите треба да се реализираат во соодветна установа и реална средина и ситуација.

**4.5. Литература за наставникот и за учениците**

- учебник, практикум, дидактички матеијали подготвен од страна на наставникот или од учениците, медицински атлас и други извори на информации;
- дополнителна литература за наставниците: стручна литература од предвидените области и литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на напредувањето и на знаењата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. При оценувањето се зема предвид активноста, ангажираноста, интересот, залагањето, теоретските знаења од соодветната дисциплина и нивната практична примена, прецизноста и умешноста во работењето, односот кон пациентите, соучениците, персоналот и средствата за работа.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**6.1. Основни карактеристики на наставниците**

Покрај условите пропишани со Закон за средно образование, наставникот треба да ги поседува и следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Изборната настава по предметот интерна и педијатрија со нега ја реализираат кадри со:

- Студии по медицина
- Висока медицинска школа
- Виша медицинска школа

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**6.3. Стандард на простор за наставниот предмет**

Настава се реализира во училишните кабинети (основи на нега, анатомија и физиологија и други) и во соодветни здравствени институции.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка**: мај 2007 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. Гордана Донева Атанасоска, советник, Биро за развој на образованието. Скопје
2. Д-р спец. Марина Цветкова, наставник, СМУГ С "Д-р. Панче Караѓозов", Скопје
3. Сунчица Ивановска, наставник, СМУГС "Д-р. Панче Караѓозов", Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**8.1. Датум на започнување**: 1.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата по ИНТЕРНА И ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА ( изборна настава) ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11.4631/22 од 21.06.2007 година.